**ГРАД СКОПЈЕ**

**Предлагач:** Градоначалник на Град Скопје

**Изготвувач:** Сектор за заштита на животната средина

**Претставник:** Соња Цветковиќ Чолакова, Раководител на Сектор за заштита на животна средина

**Повереник:** Никола Јовановски
Помошник раководител на Сектор за заштита на животна средина

# Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата на активности од обласа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2022 година

**Скопје , јуни 2022 година**

Предлог:

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 10, став 1, точка 2 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје, на својата ______ седница, одржана на ______ 2022 година, донесе

**Програмата за изменување и дополнување на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2022 година**

I. Во Програмата за изменување и дополнување на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2022 година (“Службен гласник на Град Скопје број 02/22 и 04/22“) во главата IV. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ се вршат следниве изменувања:

1. Во подглава IV.1. Следење на состојбите и подобрување на квалитетот на медиумите на животна средина, точка IV.1.1 Воздух, во Активности се додава нова активност „Јавно сообраќајно претпријатие - Бесплатен превоз во денови на алармантно загадување на воздухот“.
2. Во подглава IV.1. Следење на состојбите и подобрување на квалитетот на медиумите на животна средина, точка IV.1.1 Воздух, подточка Финансиски средства, износот од „700.000,00“ се менува со износот “11.700.000,00“.
3. Во подглава IV.1. Следење на состојбите и подобрување на квалитетот на медиумите на животна средина, точка IV.1.2 Води, подточка Финансиски средства, износ од „5.000.000“ се менува со износот „3.700.000 “.
4. Во подглава IV.6 Подигање на јавна свест, во Активности, потточките “Организирање на час на планета земја (Јавен повик)“ и “Еколошки конкурс поповод денови на пролетта и денови на екологијата(Јавен повик)“ се бришат.
5. Во подглава IV.6 Подигање на јавна свест, точката Финансиски средства, износот од „2.100.000“ се менува со износот „1.000.000“.

II. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Бр. __________
С К О П Ј Е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

**Трајко Славески**

# Образложение

Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2022 година, е изготвена Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) каде е утврдена надлежноста за постапување на Советот на Град Скопје и член 10, став 1, точка 2 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), каде е утврдено дека надлежноста, односно работи од јавен интерес од локално значење на Град Скопје е заштита на животната средина и природата.
Предложените измени на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2022 година, се вршат врз основа на изменувањетои дополнувањето на Буџетот на Град Скопје за 2022 година, од причина што:

- Се врши дополнување на нова активност „Јавно сообраќајно претпријатие - Бесплатен превоз во денови на алармантно загадување на воздухот“ со финансиски средства во висина од 10.000.000,00 денари.
- Предвидените средства во износ од 1.000.000,00 денари, Тековно оперативни расходи, Подпрограма R1, ставка 464, конто 464990, “Еколошки конкурс поповод денови на пролетта и денови на екологијата(Јавен повик)“, се пренаменуваат во целост во Капитални расходи во Подпрограма RA0, ставка 480, конто 480190, за “Набавка и креирање градска мрежа на мониторинг станица за аеро загадување“, со што вкупната нова вредност изнесува 1.700.000,00 денари.
- Финансиските средства за “Организирање на час на планета земја (Јавен повик)“ се бришат од причина што овој настан е откажан на меѓународно ниво, поради кризата во Украина.
- Финансиските средства планирани за “Проширени анализи и испитувања на алтернативни извори за водоснабдување - Кадина река, Патишка река и Мала река“ во износ од 2.500.000,00 денари се намалени на 1.200.000,00 денари од причина што планираните средства наместо за 4 квартали треба да се однесуваат за 2 квартали.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената измена на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2022 година и Програма за изменување и дополнување на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2022 година.